**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-1471/1 од 04.03.2026 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Десеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **11.03.2026 година (среда) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, за расходување на основни средства;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2025 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година;
8. Предлог - Одлука за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво;
9. Предлог - Одлука за одбележување на 50 години од постоењето на Општина Гази Баба;
10. Предлог - Програма за организација и реализација на јубилеј - одбележување на 50 години од постоењето на Општина Гази Баба;
11. Предлог - Одлука за примање на донација од Здружение на граѓани "Центар за климатски промени" - Гевгелија;

12. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-58/2016 за КП 117/3 и КП 117/2 КО Идризово;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2025 година;
14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2025 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2025 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2025 година;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2025 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2025 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2025 година;
21. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2025 година;
22. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2025 година;
23. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година; и
24. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје

**Претставник:** директор, м-р Билјана Трајановска

## ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-1438/1 од 03.03.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на ______________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлука за расходување на основни средства (оштетени и неупотребливи ствари), бр.02-55/4 од 06.02.2026 година, донесена од училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје да ја спроведе оваа одлука и одлуката на училишниот одбор од членот 1 од оваа одлука, заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, утврдена со редовниот попис.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката е член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, до Советот на Општина Гази Баба поднесе барање бр.09-1438/1 од 03.03.2026 година, за добивање на согласност на Одлука за расходување на основни средства (оштетени и неупотребливи ствари), бр.02-55/4 од 06.02.2026 година, донесена од училишниот одбор.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

ООУ"Крсте Мисирков"Нас.Маџари 2 , Скопје

Ул.Срećко Пужалка 65А
Тел. 2522-398
Тел/фах 2527-220

Mail.krstem@yahoo.com

Бр. 03 - 110/1

03.03.2026 год.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ

| Примено: | 03-03-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 1438/1 | | |

**До:**
Општина Гази Баба
Совет на Општина Гази Баба
Скопје

ПРЕДМЕТ: Достава на барање за согласност за отпишување на училишен инвентар во ООУ „Крсте Мисирков" – Скопје

Општинското основно училиште „Крсте Мисирков " –Скопје, Ви доставува барање за согласност за отпишување на училишен инвентар, компјутерска опрема кој е дотрајан, оштетен и нефункционален за понатамошна употреба и нефункционлана техничка опрема бидејќи не соодвестуваат со новите наставни планови и програми според Концепцијата.

**Прилог:**

- Одлука со бр. 02-55/4 од 06.02.2026 година за прифаќање предлог Извештај бр.02-49/3 од Пописна комисија за расходовање од спроведен попис

Директор

М-р Билјана Трајановска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
Бр. 02-55/4
06.02.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 106 точка 1 и 7, член 108 точка 1 алинеа 12 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ бр. 161/2019, 229/2020, 03/2025, 74/2025 ) и Извештајот број 02-49/3 од пописна комисија за расходовање во 2026. Училишниот одбор при ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје, на својата редовна седница одржана на ден 06.02.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А

## За прифаќање Предлог во Извештај број 02-49/3 од Пописна комисија за расходовање од спроведен попис

1. Донесена е Одлука прифатен е Предлогот во Извештајот број 02-49/3 од Пописна комисија за расходовање од 2026 година на ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје

2. Врз основа на спроведениот попис Комисијата дава предлог- мислење за расходовање на следниве средства кои се оштетени или вон-употреба.

| | Опис | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Персонален компјутер TW945G Haier/Teach зелена ознака | 36 |
| 2 | Персонален компјутер TW945G Haier/Teach црвена ознака | 9 |
| 3 | Тастатура за TW945G | 45 |
| 4 | Глувче за TW945G | 45 |
| 5 | 15’’ ЛЦД монитор модел 5005L11 Haier/персонал компјутер/тин клиент | 261 |
| 6 | Тин Клиент Xtenda X300 | 216 |
| 7 | Глувче за тин клиент | 216 |
| 8 | Тастатура за тин клиент | 216 |
| 9 | Лаптоп компјутер за ученици и наставници | 263 |
| 10 | Персонален компјутер HAIER HV Host | 22 |
| 11 | Haier thin client X550 | 286 |
| 12 | Haier 15’’ монитор | 308 |
| 13 | Тастатури | 308 |
| 14 | Мауси | 308 |
| 15 | Ласерски печатач Samsung ML 2851 | 3 |
| 16 | Мултифункциски уред Samsung SCX 4828SN | 1 |
| 17 | Видео проектор Samsung SP-L300W | 2 |
| 18 | Дополнителна лампа за видео проекто Samsung SP-L300W | 2 |
| 19 | Свич | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Бојлер | 2 |
| 21 | Вариолајт завеси | 26 |
| 22 | Венецијанер ролетни | 2 |
| 23 | Височки елементи | 8 |
| 24 | Завеси | 1 |
| 25 | Закачалка дрвена | 2 |
| 26 | Полици | 46 |
| 27 | Потпрозорска даска | 4 |
| 28 | Термопечка | 2 |
| 29 | Телевизор | 1 |
| 30 | Синтисајзер | 1 |
| 31 | Машина за уништување хартија | 1 |
| 32 | Рекламно пано | 3 |
| 33 | Комода | 1 |
| 34 | Машинка куцање | 1 |
| 35 | Косилка | 1 |

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор

_______________________

/Ѓоко Арсов/

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Дени Милевски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2025 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2025 година, бр.02-54/3 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2025 година, бр.02-54/3 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2025 ГОДИНА

### ***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24).

### ***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје до Совет на Општина Гази Баба достави тримесечен финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2025 година и Одлука за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2025 година, бр.02-54/3 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

Член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија гласи:

''(3) Јавното претпријатие е должно да ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 35 дена по истекот на тримесечјето.''

Член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа гласи:

(1) Советот:
..................
''9. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;''

Тримесечен финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2025 година и Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2025 година, бр.02-54/3 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, се прилог кон материјалот.

### ***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 02-54/3
24.02 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 став 2 точка 4 од Законот за Јавни претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96, 2/2002,40/2003, 49/2006, 22/2007,83/2009, 97/10, 6/12,119/13,41/14,138/14,25/15 и 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 16 став 1 точка 4 од Статутот на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Управниот одбор на седницата одржана на 24.02.2026 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за усвојување на Тримесечниот Финансов Извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 за 2025 година За четвртото тримесечје

**Член 1**

Се усвојува Тримесечниот Финансов Извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 за четвртото тримесечје за 2025 година.

**Член 2**

Составен дел на Одлуката е Извештајот наведен во член 1 од Одлуката.

**Член 3**

Одлуката е конечна и стапува во сила со денот на донесувањето.

**ЈКП ГАЗИ БАБА-2007**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

______________________

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 01-28/3
24.02 2026 год.
СКОПЈЕ

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП ГАЗИ БАБА-2007

## За периодот од 01.10.2025 до 31.12.2025 година

## *1.Вовед*

Јавното комунално претпријатие "ЈКП Гази Баба - 2007" при вршењето на своите редовни работни активности што подразбираат стопанисување со водоводните системи во населените места Црешево, Смилковци, Булачани и Виниче и одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба и комерцијални услуги од комуналнатата сфера во четвртиот квартал од 2025 година ги оствари следните резултати:

**Почетна состојба на 01.09.2025 изнесува 4.953.155,00 денари**

| Вкупни Приливи | Вкупни Одливи |
|---|---|
| 31,690,008.00 | 31,499,058.00 |
| **Салдо на 31.12.2025** | 5,144,105.00 |

| МЕСЕЦ | ПРИХОД ПО ВОДА |
|---|---|
| ОКТОМВРИ | 300,927.00 |
| ,НОЕМВРИ | 322,604.00 |
| ДЕКЕМВРИ | 316,880.00 |
| ВКУПНО | 938,806.00 |

Директор
Дени Милевски

комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

## П Р Е Г Л Е Д
## на приливите и одливите за ЈКП „Гази Баба-2007 за Октомври 2025 година

| Реден број | Одливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Банкарска провизија | 4,715.00 | |
| 2 | Обврски за бруто плата на вработени во ЈКП Гази Баба | 1,246,010.00 | |
| 3 | Обврски за бруто плата на сезонски работници во ЈКП Гази Баба-2007 | 2,703,087.00 | |
| 4 | Обврски кон добавувачи | 10,281,896.00 | |
| 5 | Членарина адком | 6,000.00 | |
| 6 | Регистрација | 5,318.00 | |
| 7 | Адвокатски и нотарски трошоци | 30,000.00 | |
| 8 | Обврски за закуп на недвижност | 5,000.00 | |
| 9 | Персонален данок за закуп | 495.00 | |
| 10 | Надоместок за управен и надзорен одбор | 42,500.00 | |
| 11 | Персонален данок за управен и надзорен одбор | 4,723.00 | |
| 12 | Договор на дело | 40,000.00 | |
| 13 | Персонален данок за договор на дело | 4,444.00 | |
| | ВКУПНО: | 14,374,188.00 | |

| Реден број | Приливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Извршена комунална услуга (водоснабдување) | 301,504.00 | |
| 2. | Извршена комунална услуга (одржување на јавна чистота и зелени површини) | 9,283,133.00 | |
| 3. | Префактурирање(електрична енергија,урбана опрема,гориво итн.) | 2,421,370.00 | |
| 4. | Субвенција од Општина Гази Баба | 2,703,164.00 | |
| 5. | Извршена комунална услуга (одржување на јавна чистота и зелени површини) | 61,509.00 | ОУ- Крсте Мисирков |
| 6. | Уплата по правосилна пресуда | 73,800.00 | |
| | ВКУПНО: | 14,844,480.00 | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на приливите и одливите за ЈКП „Гази Баба-2007 за Ноември 2025 година**

| Реден број | Одливи од: | Иѐнос | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Банкарска провизија | 4.922,00 | |
| 2. | Обврски за бруто плата на вработени во ЈКП Гази Баба | 1,250,869.00 | |
| 3. | Обврски за бруто плата на сезонски работници во ЈКП Гази Баба-2007 | 2,703,087.00 | |
| 4. | Обврски кон добавувачи | 7.219.614,00 | |
| 5. | Адком членарина | 2,360,00 | |
| 6. | Обврски за закуп на недвижност | 5,000,00 | |
| 7. | Персонален данок за закуп | 495,00 | |
| 8. | Адм.такса-централен регистар | 1,930,00 | |
| 9. | Извршител за вработени | 25,200,00 | |
| 10. | Адвокатски и нотарски трошоци | 30,000.00 | |
| | **Вкупно:** | 11,243,477.00 | |

| Реден број | Приливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Извршена комунална услуга (водоснабдување) | 322.604,00 | |
| 2. | Извршена комунална услуга (одржување на јавна чистота и зелени површини) | 5.807.783,00 | |
| 3. | Префактурирање(електрична енергија,урбана опрема,гориво итн.) | 2,285,431.00 | |
| 4. | Субвенција од Општина Гази Баба | 2,703,164.00 | |
| | ВКУПНО: | 11.118.982,00 | |

## П Р Е Г Л Е Д
**на приливите и одливите за ЈКП „Гази Баба-2007 за Декември 2025 година**

| Реден број | Одливи од: | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Банкарска провизија | 6,400.00 | |
| 2. | Обврски за бруто плата на вработени во ЈКП Гази Баба | 1,258,915.00 | |
| 3. | Обврски за бруто плата на сезонски работници во ЈКП Гази Баба-2007 | 2,574,552.00 | |
| 4. | Обврски кон добавувачи | 1,751,586.00 | |
| 5 . | Регистрација на возила | 18,007.00 | |
| 6. | Обврски за закуп на недвижност | 5,000.00 | |
| 7. | Персонален данок за закуп | 495.00 | |
| 8. | Адвокатски и нотарски трошоци | 30,000.00 | |
| 9. | Обврски за извршители-вработени | 28,317,00 | |
| 10. | Извршител ибр.6059/2025 од 29.11.2023 | 208,121,00 | |
| | **Вкупно:** | 5,881,393 | |

| Реден број | Приливи од: | 9 | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Извршена комунална услуга (водоснабдување) | 316.880,00 | |
| 2. | Извршена комунална услуга (одржување на јавна чистота и зелени површини) | 2.772.315,00 | |
| 3. | Субвенција од Општина Гази Баба | 2,574,624.00 | |
| 4. | Извршена комунална услуга (одржување на јавна чистота и зелени поврШини) | 62.727,00 | - СОС Детско село |
| | ВКУПНО: | 5.726.546,00 | |

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Дени Милевски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА
ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.02-56/3 од 27.02.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на ______________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.02-56/3 од 27.02.2026 година, донесена од управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје до Совет на Општина Гази Баба достави Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.02-56/3 од 27.02.2026 година и Годишен извештај за работењето на претпријатието за 2025 година.

Член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија гласи:

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:
..................

"(7) Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие."

Член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа гласи:

(1) Советот:
...................
"9. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;"

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Врз основа на Член 19 став 2 точка 4 од Законот за Јавни Претпријатија Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 48/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и Член 16 став 1 точка 4 од Статутот на ЈКП Гази Баба-2007 Скопје, Управниот Одбор на Седницата одржана на 27.02.2026 година ја донесе следната

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 02-56/3
27-02 2026 год.
СКОПЈЕ

ОДЛУКА
За усвојување на Годишната сметка на
ЈКП Гази Баба-2007

Член 1
Се усвојува Годишната Сметка на ЈКП Гази Баба-2007 за 2025 година.

Член 2
Составен дел на Одлуката е Годишната Сметка на ЈКП Гази Баба-2007 за 2025 година (Извештајот за работењето на ЈКП ГАЗИ БАБА за 2025 година).

Член 3
Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

ЈКП"Гази Баба -2007"
УПРАВЕН ОДБОР
Претседател
_______________________

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Скопје

JКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Даночен бр: 4030007001674 Тел: +389 2 322 48 01

# ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА Ј.К.П. ГАЗИ БАБА 2007 ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ (во натамошниот текст: "Претпријатието") е јавно претпријатие основано од Советот на општина Гази Баба Скопје со одлука за основање на ЈКП на Општина Гази Баба број 07-843/2 донесена на ден 28.02.2007 година.

Претпријатието е регистрирано во Централен Регистер на Република Македонија под ЕМБС бр. 06268153

Седиште: ул.1 бр.126 с.Трубарево, Гази Баба, Скопје

***Дејности***

Дејности на јавното претпријатие се:

- Собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад
- Одржување на јавна чистота во населените места
- Чистење на страничниот дел на улиците во населените места од секаков вид на комунален отпад
- Одржување и користење на паркови и зеленила, парк-шуми, водни и рекреативни површини
- Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги во урбан дел
- Снабдување со вода за пиење, изведување, одржување и реконструкција на водоводната мрежа
- Изведување, одржување и реконструкција на фекална и атмосферска канализациона мрежа
- Чистење на индивидуални септички јами
- Изведување и одржување на јавно осветлување
- Одржување и користење на пазари на големо и мало
- Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, ерадикација на животни скитници, украсување на населени места, дезинфекција, дератизација и слично
- Стопанисување и одржување на спортски и културни објекти во руралното подрачје на Општината
- Други дејности согласно Закон

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01

***Основна дејност***
81.300: Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина.

Претпријатието е формирано со цел да ги исполнува јавните потреби на граѓаните со ефикасно и економично располагање и користење на собраните средства од дадените услуги кои ги обавува во склоп на својата дејност.

**Органи на управување и раководење**

Органи на управување и раководење на Претпријатието, согласно член 16 од Законот за јавни претпријатија се Управниот одбор, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење и Директорот.

***Директор***

На 31 декември 2025 година В.Д. Директор на Претпријатието е Дени Милевски, назначен од страна на Советот на Општина Гази Габа со Одлука број 08-9423/1 од 14.11.2025 година.

На 31.12.2025 година, Претпријатието има 23 редовно вработени и 100 сезонски работници

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Претпријатието ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со измените на Законот за јавни претпријатија објавени во ("Службен весник на Република Македонија" бр. 83/09); одредбите на Законот за трговски друштва на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07 87/08) и Правилникот за водење сметководство ("Службен весник на Република Македонија" бр.159/2009.) Според овој Правилник, сметководствените стандарди што се применуваат во Република Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од 2009 година, утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ.)

Финансиските извештаи на јавното претпријатие се прикажани во македонски денари.

Денарот претставува официјална валута на известување во Република Македонија.

### 2.2 Политика за евидентирање на приходите

Претпријатието остварува приходи од средствата за финансирање на дејноста и од сопствени услуги.

### 2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските номинирани во странска валута се изкажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

### 2.4 Данок на добивка

Данокот на добивка се пресметува согласно со одредбите на важечките законски прописи во Република Северна Македонија. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно.

### 2.5 Материјални средства

Материјалните средства на Претпријатието се состојат од градежни објекти, опрема и возила.

Основните средства на Претпријатието иницијално се евидентираат по набавна вредност.

Набавната вредност на материјалното средство (недвижности, постројки и опрема) се состои од набавна цена со вклучени царини и даноци кои не се одбиваат, по намалување за износите за трговски попусти и рабати и сите други трошоци кои се потребни да се доведе средството во сегашната локација и

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01

состојба за да биде спремно за користење онака како што тоа го бара раководството на Претпријатието.

Опремата и возилата се признаваат по набавна вредност во која е вклучена цена на набавка, даноци кои не се одбиваат и други трошоци потребни средството да се доведе до посакуваната локација и состојба неопходна за извршување на оперативните цели.

Книговодствената вредност на средствата е предмет на редовна опсервација за можни оштетувања, особено кога одредени настани укажуваат дека книговодствената вредност не може да се надомести.Доколку вакви показатели постојат и книговодствената вредност е поголема од проценетата надоместлива вредност, вредноста на средството се намалува до износот на надоместливата вредност.

Амортизацијата се пресметува со користење на праволиниска метода по стапки кои го отсликуваат употребниот век на користење на средствата.

**2.6 Залихи**

Залихите на претпријатието се состојат од залиха на материјали, резервни делови и залиха на ситен инвентар. Залихите се водат по набавна вредност. Набавната вредност се состои од фактурна вредност, царини и даноци и поврзани трошоци како што се транспортни трошоци, трошоци за ракување и други трошоци кои директно се поврзани со набавката. Залихите на ситен инвентар целосно се отпишуваат во момент кога се ставаат во употреба, но остануваат во евиденција заради следење.

**2.7 Парични средства и еквиваленти на парични средства**

Парите и паричните еквиваленти на Претпријатието се состојат од денарска валута на сметка во банка, и парични средства во благајна.

**2.8 Испратнини за пензионирање,пензиски планови и технолошки вишок**

Претпријатието врши уплата на задолжителни придонеси утврдени со законска легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите, се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување и Агенција за вработување на Република Македонија за вработените кои се во редовен работен однос, додека за сезонските работници се уплаќа само во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Претпријатието исто така исплаќа двократен износ од просечно исплатена нето плата во Република Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија.

**2.9 Побарувања од комитенти**

Побарувањата од комитентите се прикажани според нивната номинална вредност намалена за соодветни износи на исправки за сомнителни побарувања. Проценката за исправка се прави врз дел или врз целиот износ на побарувањата од купувачи кога според мислењето на раководството истите нема да бидат наплатени.

**2.10 Поврзани субјекти**

Поврзани субјекти се сметаат дека се оние кои имаат значајна улога во донесување на финансиските и оперативните одлуки на Претпријатието. Мнозинскиот, односно единствен сопственик на Претпријатието е Советот на

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Даночен бр: 4030007001674 Тел: +389 2 322 48 01

Општина Гази Баба, која има значајно влијание врз Претпријатието, а со тоа и моќ да го контролира неговото работење во целина.

**2.11 Државни поддршки**

Претпријатието добива државни поддршки во вид на основни средства и субвенции. Сметководствениот третман на државните поддршки е во согласност со МСС 20- Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош, каде што поддршката во основни средства се признава како приход врз рационална и систематска основа во период неопходен истиот да се усогласи со соодветните трошоци.

Поддршките во форма на субвенции се признаваат целосно како приход во периодот.

**2.12 Сметководствен принцип на континуитет**

Финансиските извештаи на Претпријатието се подготвени врз основа на принципот на континуитет на 31 декември 2025 година и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

**2.13 Вложување во недвижности**

Вложувањето во недвижности, во согласност со МСС 40 - Вложување во недвижности, се евидентира посебно во моментот кога станува очигледно дека Претпријатието од средството ќе се стекне со идни финансиски користи што нему му припаѓаат, односно за зголемување на капиталот или двете. Првично, вложувањето во недвижности се признава според нивната набавна вредност. После иницијалното признавање, последователните трошоци можат да се капитализираат во вложувањето во недвижност единствено доколку се очекува зголемување на идните користи. Сите останати последователни трошоци се евидентираат како трошок за периодот.

**2.14 Јавни набавки**

Набавките со вредност поголема од 1000еур во денарска противвредност претпријатието ги извршува во согласност со Законот за јавни набавки

**ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"**

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01

Во понатамошното излагање поконкретно ќе Ве запознаеме со работењто и постигнатите резултати.

**Спецификација на трошоци за 2025 година**

| | |
|---|---|
| Потрошен материјал - Урбана опрема | 4,792,251.00 |
| Потрошен помошен материјал | 1,103,804.00 |
| Потрошен канцелариски материјал | 293,898.00 |
| Потрошен материјал за чистење и одржување хигена | 266,887.00 |
| Потрошени материјали-Водоснабдување | 82,350.00 |
| Електрична енергија | 17,268,538.00 |
| Улично осветлување електрична енергија | 4,922,142.00 |
| Гориво за моторни возила и косилки | 3,764,931.00 |
| Гориво за товарни возила | 188,551.00 |
| Потрошени материјали и резервни делови за одржување | 2,671,784.00 |
| Потрошени материјали и резервни делови за возила | 3,595,579.00 |
| Улично осветлување-потрошени материјални | 2,790,320.00 |
| Трошоци за ситен инвентар | 1,075,935.00 |
| Телефонски услуги и интернет | 494,355.00 |
| Надворешни услуги | 65,251.00 |
| Одржување на фонтана | 501,240.00 |
| Водоснабдување-услуги анализа на вода | 32,950.00 |
| Услуги за тековно одржување на недвижности и опрема | 1,033,864.00 |
| Улично осветлување-одржување | 813,820.00 |
| Услуги за одржување на хигена | 1,269,000.00 |
| Услуги за одржување на софтвер и веб страна | 115,974.00 |
| Услуги за сервис на моторни возила | 145,600.00 |
| Услуги за заштита и унапредување на работната средина | 70,000.00 |
| Канализации-услуги за одржување канализациона мрежа | 3,230,750.00 |
| Обезбедување на имот | 24,000.00 |
| Намнина на недвижност во земјата | 80,445.00 |
| Комунални услуги-вода | 22,895.00 |
| Одржување на зеленило | 50,600.00 |
| Останати комунални услуги | 1,362,923.00 |
| Трошок за регристрација на автомобили | 207,415.00 |
| Услуги за огласување во медиуми | 181,134.00 |
| Услуги на агенции за вработување | 12,275,417.00 |
| Плата и надоместоци на плата | 9,449,095.00 |
| Персонален данок на плата | 775,394.00 |
| Придонеси за задолжително социјално осигурување | 3,990,816.00 |
| Отпремнина за во пензија | 99,517.00 |
| Трошоци за вработени-обука | 79,551.00 |
| Трошок за регрес за годишен одмор | 773,259.00 |
| Амортизација | 4,163,024.00 |
| Трошоци за членови на У. И Н. одб. | 106,944.00 |

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје
Даночен бр: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел: +389 2 322 48 01

| | |
|---|---|
| Трошоци за репрезенатција | 26,300.00 |
| Трошоци за осигурвање на транспортни средства | 76,975.00 |
| Трошоци за осигурвање на лица | 42,316.00 |
| Банкарска провизија | 68,501.00 |
| Членарина на здруженија | 84,617.00 |
| Трошоци за договор на дело | 190,555.00 |
| Договор на дело-сезонски вработени | 33,014,682.00 |
| Консултантски,советодавни услуги,проектна документација | 215,371.00 |
| Адвокатски и нотарски трошоци | 330,950.00 |
| ИТ услуги | 221,700.00 |
| Сметководство | 495,470.00 |
| Трошоци за книги,прирачници,весници,службен весник | 5,932.00 |
| Административни такси | 12,511.00 |
| Трошоци кон извршители | 208,121.00 |
| Останати трошоци на работењто | 3,893.00 |
| Трошоци врз основа на директен отпис на побарувања | 300,618.00 |
| Фонд за води | 85,000.00 |
| Дополнително утврдени трошоци од претходни години | 336,262.00 |
| Расходи врз основа на камата за ненавремено платени сметки за струја | 109,358.00 |
| **Вкупно расходи** | **120,061,335.00** |

**Спецификација на приходи 2025 година**

| | |
|---|---|
| Приходи од извршени услуги | 32,225,511.00 |
| Приходи од субвенција(сезонски работници) | 35,590,086.00 |
| Останати неспоменати приходи | 954,316.00 |
| Дополнително утврдени приходи од минати години | 3,110,416.00 |
| Останати приходи-префактурирање | 51,586,301.00 |
| **Вкупно приходи** | **123,466,630.00** |

**Биланс на успех за 2025 година заклучно со 31.12.2025 година**

| | |
|---|---|
| **Вкупно приходи** | **123,466,630.00** |
| **Вкупно расходи** | **120,061,335.00** |
| **Добивка пред оданочување** | **3,405,295.00** |
| **Данок од добивка** | **426,283.00** |
| **Добивка по оданочување** | **2,979,012.00** |

**ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"**

ул. 1 бр. 126 Трубарево 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. Скопје e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Даночен бр: 4030007001674 Тел: +389 2 322 48 01

**Биланс на состојба за 2025 година заклучно со 31.12.2025 година**

| | |
|---|---|
| Средства | 51,086,073.00 |
| Жиро сметка | 5,144,105.00 |
| Пари во каса | 13.040,00 |
| Побарувања од физички лица (сметки за вода) | 636,395.00 |
| Побарувања од купувачи-фактури | 2,432,940.00 |
| Побарување за повеќе платен ДДВ | 724,479.00 |
| Обврски кон добавувачи | 11,087,402.00 |
| Обврски за придонеси и персонален данок за вработени | 303,088.00 |
| Обврски за нето плата за вработени | 610,739.00 |
| Обврски за нето плата за сезонски работници | 1,299,470.00 |
| Обврски за осигурвање за сезонски работници | 224,862.00 |
| Обврски за персонален данок за сезонски работници | 264,859.00 |
| Обврски за фонд за вода | 93,682.00 |
| Залиха на материјали и резервни делови | 7,344,212.00 |

ИЗРАБОТИЛ
МАК БИРО ДООЕЛ Скопје
Елизабета Јаревска

Друштво за производство, промет и услуги МАК-БИРО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Дени Милевски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.02-56/4 од 27.02.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на ______________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.02-56/4 од 27.02.2026 година, донесена од управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

***<u>ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ</u>***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

***<u>ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ</u>***

ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје до Совет на Општина Гази Баба достави Одлука за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.02-56/4 од 27.02.2026 година, донесена од управниот одбор.

Член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија гласи:

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:
..................

"(3) Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;"

***<u>ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА</u>***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Согласно Член 19 став 2 точка 5 од Законот за јавни претпријатија Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 25/2015, 61/2015, 148/2015, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Јавното комунално претпријатие, Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје на својата седница одржана на ден 27.02.2026 година донесе

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Бр. 02-56/4 27.02.2026 год СКОПЈЕ

# ОДЛУКА
## За распределба на добивката од работење на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши распределба на нето добивката остварена во 2025 година од страна на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје.

Член 2

Се одлучува нето добивката на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје по оданочување во износ од МКД 2,979,012.00остварена во 2025 година да се распореди на следниот начин и тоа:

- нето добивката по оданочување ќе биде ставена на конто во акумулирана добивка.

Член 3

Се задолжува Директорот на Претпријатието, согласно член 11 од Законот за Јавни претпријатија и член 23 точка 3 од Статутот на Претпријатието да ја достави оваа Одлука до Советот на Општина Гази Баба.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"
УПРАВЕН ОДБОР
Претседател

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Дени Милевски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ИЛИ ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/5 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ИЛИ ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/5 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ИЛИ ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

### ***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на оваа Предлог-Одлука е член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

### ***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје донесе Одлука за за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/5 од 24.02.2026 година.

Согласно член 11 од Законот за јавните претпријатија:

"Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:

1. Статутот на јавното претпријатие;
2. Статусните промени;
3. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
4. Актот за задолжување на јавното претпријатие;
5. **Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело;**
6. Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
7. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие и
8. Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој. "

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Јавно комун... етприіатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 02-54/5
24.02 26 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Сл.весник на Р.М бр. 63/2017„), член 19 од Законот за јавни претпријатие, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ( „Сл.весник на Р.М„ бр. 63/2017), Решението Бр. 08-814/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и член 16 од Статутот на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје, Управниот Одбор на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје , на одржаната седница на 24.02.2026 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за регулиран период 2026-2027 година.**

**Член 1**

Се усвојува предлог одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за регулиран период 2026-2027 година, донесена врз основа Решението Бр. 08-814/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и тоа по населени места и за категории на потрошувачи:

1) <u>**За населените места Виниче, Булачани и Раштак**</u>

***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 15,03 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 15,13 ден/$m^3$

***Останати:***

- за 2026 година во износ од 15,03 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 15,13 ден/$m^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

2) <u>**За населените места Смилковци и Црешево**</u>

***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 23,04 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 23,20 ден/$m^3$

*Останати:*

- за 2026 година во износ од 23,04 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 23,20 ден/$m^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

3) <u>За населеното место Брњарци</u>

*Домаќинства:*

- за 2026 година во износ од 20,04 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 20,17 ден/$m^3$

*Останати:*

- за 2026 година во износ од 20,04 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 20,17 ден/$m^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

**Член 2**

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Гази Баба.

***Образложение***

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Сл.весник на Р.М бр. 63/2017„), член 19 од Законот за јавни претпријатие, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ( „Сл.весник на Р.М„ бр. 63/2017), Решението Бр. 08-814/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија У.О одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Претседател на У.О

______________________

Комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Скопје

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, ... TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
УП1 Бр./Nr. 08 - 814 /24
17.07.2025
Скопје-Shkup

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16), член 4 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 јули 2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година**

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ
Примено: 01.08.2025
Орг. Един.: 03 Број: 131/2 Прилог: Вредност:

1. На ЈКП ГАЗИ БАБА се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
    - за 2025 година во износ од 17,94 ден/m³;
    - за 2026 година во износ од 19,47 ден/m³;
    - за 2027 година во износ од 19,56 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
    - минималниот и максималниот опсег за 2025 година изнесува 4,74%;
    - минималниот и максималниот опсег за 2026 година изнесува 7,47%;
    - минималниот и максималниот опсег за 2027 година изнесува 7,39%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
    - за 2025 година:
        - минимална просечна тарифа 17,09 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 18,79 ден/m³;
    - за 2026 година:
        - минимална просечна тарифа 18,01 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 20,92 ден/m³;
    - за 2027 година:
        - минимална просечна тарифа 18,11 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 21,00 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување важи за регулиран период 2025-2027 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за

енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 август 2025 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП ГАЗИ БАБА, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2025-2027 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под 08–814/24 од 26.12.2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП ГАЗИ БАБА ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП ГАЗИ БАБА во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2023 година:

| Опис | 2023 |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 2.364.275 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства | 75.702 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 6.540 |
| Бруто плати | 1.151.649 |
| Други услуги | 1.205.622 |
| Останати и вонредни трошоци | 104.651 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 5.805 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | 4.914.243 |
| **Остварена просечна пондерирана тарифа** | 15,24 |

- Податоци за регулираниот период :

| Опис | Ед.мерка | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 5.593.057 | 5.801.862 | 5.922.396 |
| Амортизација | денари | 478.938 | 1.108.731 | 1.159.147 |
| Средства за ликвидност | денари | 31.730 | 36.875 | 37.671 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 11.305.031 | 1.205.582 | 5.609 |
| Принос на регулирани средства | денари | 273.976 | 464.442 | 452.583 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | - | - | - |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 6.377.700 | 7.411.910 | 7.571.796 |
| **Количина** | $m^3$ | 300.562 | 303.567 | 306.603 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 20,31 | 22,81 | 23,08 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 19,40 | 21,20 | 21,47 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 21,22 | 24,42 | 24,70 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 30 декември 2024 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02–1257/1 од 2 јули 2025 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување на Предлог Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година.

На 4 јули 2025 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈКП ГАЗИ БАБА, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Гази Баба, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

По однос на Предлог решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА, немаше забелешки од страна на присутните.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2025-2027 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 5.224.650 | 5.404.467 | 5.516.149 |
| Амортизација | денари | 478.938 | 1.108.731 | 1.159.147 |
| Средства за ликвидност | денари | 29.888 | 34.888 | 35.639 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 11.305.031 | 1.205.582 | 5.609 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 273.976 | 464.442 | 452.583 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | - | - | - |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 6.007.451 | 7.012.528 | 7.163.517 |
| **Количина** | $m^3$ | 319.727 | 335.194 | 341.070 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 17,94 | 19,47 | 19,56 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 17,09 | 18,01 | 18,11 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 18,79 | 20,92 | 21,00 |

По извршената анализа на реализираните оперативни трошоци од првиот регулиран период и податоците од бизнис планот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2025 – 2027 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се пресметани согласно реализираните трошоци во 2023 година зголемени за стапка на инфлација и истите изнесуваат 2.411.560 денари за 2025 година, 2.459.792 денари за 2026 година и 2.508.987 денари за 2027 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 86.914 денари за 2025 година, 98.366 денари за 2026 година и 100.813 денари за 2027 година;
3. Трошоците за бруто плати се пресметани согласно последните исплатени плати во 2025 година и врз основа на бројот на вработени ангажирани за водната услуга водоснабдување и истите изнесуваат 1.297.330 денари за 2025 година, 1.323.279 денари за 2026 година и 1.349.744 денари за 2027 година;
4. Другите услуги се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 1.394.519 денари за 2025 година, 1.368.287 денари за 2026 година и 1.398.013 денари за 2027 година;
5. Останатите и вонредните трошоци се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 120.151 денари за 2025 година, 138.702 денари за 2026 година и 142.151 денари за 2027 година;
6. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 6.665 денари за 2025 година, 7.543 денари за 2026 година и 7.730 денари за 2027 година.

Амортизацијата на ново набавените основни средства со кои се врши водната услуга е признаена согласно податоците прикажани во барањето и истата изнесува 139.785 денари за 2025 година, 465.448 денари за 2026 година и 497.864 денари за 2027 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените основни средства со кои се врши водната услуга е признаена согласно податоците прикажани во барањето и истата изнесува 339.153 денари за 2025 година, 643.283 денари за 2026 година и 661.283 денари за 2027 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 29.888 денари за 2025 година, 34.888 денари за 2026 година и 35.639 денари за 2027 година.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 17,94 ден/$m^3$ за 2025 година, 19,47 ден/$m^3$ за 2026 година и 19,56 ден/$m^3$ за 2027 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон. Исто така во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување ЈКП ГАЗИ БАБА треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување во крајната цена на водната услуга која се фактурира до крајните корисници.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈКП ГАЗИ БАБА ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 4,74% за 2025 година, 7,47% за 2026 година и 7,39% за 2027 година.

ЈКП ГАЗИ БАБА при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и средствата за ликвидност.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈКП ГАЗИ БАБА да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

__ПРАВНА ПОУКА__: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16).

**УП1 бр. 08-814/24**
**17 јули 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Дени Милевски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/6 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/6 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007"- СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на оваа Предлог-Одлука е член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје донесе Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/6 од 24.02.2026 година.

Согласно член 11 од Законот за јавните претпријатија:

"Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:

1. Статутот на јавното претпријатие;
2. Статусните промени;
3. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
4. Актот за задолжување на јавното претпријатие;
5. **Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело;**
6. Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
7. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие и
8. Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој. "

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 02-54/6
24.02 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Сл.весник на Р.М бр. 63/2017„), член 19 од Законот за јавни претпријатие, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ( „Сл.весник на Р.М„ бр. 63/2017), Решението Бр. 08-815/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и член 16 од Статутот на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје, Управниот Одбор на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје , на одржаната седница на 24.02.2026 година ја донесе следната :

# О Д Л У К А

## за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за регулиран период 2026-2027 година.

**Член 1**

Се усвојува предлог одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за регулиран период 2026-2027 година, донесена врз основа Решението Бр. 08-815/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и тоа по населени места и за категории на потрошувачи:

1) <u>За населените места Црешево и Страчинци</u>

*Домаќинства:*

- за 2026 година во износ од 4,65 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 4,69 ден/$m^3$

*Останати:*

- за 2026 година во износ од 4,65 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 4,69 ден/$m^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

2) <u>За населеното место Смилковци</u>

*Домаќинства:*

- за 2026 година во износ од 4,65 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 4,69 ден/$m^3$

***Останати:***

- за 2026 година во износ од 4,65 ден/m$^3$
- за 2027 година во износ од 4,69 ден/m$^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

**3) <u>За населеното место Јурумлери</u>**

***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 17,65 ден/m$^3$
- за 2027 година во износ од 17,83 ден/m$^3$

***Останати:***

- за 2026 година во износ од 17,65 ден/m$^3$
- за 2027 година во износ од 17,83 ден/m$^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

**4) <u>За населеното место Гоце Делчев</u>**

***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 6,97 ден/m$^3$
- за 2027 година во износ од 7,04 ден/m$^3$

***Останати:***

- за 2026 година во износ од 6,97 ден/m$^3$
- за 2027 година во износ од 7,04 ден/m$^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

**5) <u>За населеното место Трубарево</u>**

***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 8,51 ден/m$^3$
- за 2027 година во износ од 8,60 ден/m$^3$

***Останати:***

- за 2026 година во износ од 8,51 ден/m$^3$
- за 2027 година во износ од 8,60 ден/m$^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

**Член 2**

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Гази Баба.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (,,Сл.весник на Р.М бр. 63/2017,,), член 19 од Законот за јавни претпријатие, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ( ,,Сл.весник на Р.М,, бр. 63/2017), Решението Бр. 08-815/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија У.О одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Претседател на У.О

______________________

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ



НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKES, ... BIMEVE
TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT
KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
УП1 Бр./Nr. 08-815/24
17.07.2025 год.-viti

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 4 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 јули 2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година

1. На ЈКП ГАЗИ БАБА се утврдува просечна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води и тоа:
    - за 2025 година во износ од 9,26 ден/m³;
    - за 2026 година во износ од 9,36 ден/m³;
    - за 2027 година во износ од 9,45 ден/m³.

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ
Примено: 01.08.2025
Орг. Един.: 03 Број: 1313 Прилог: Вредност:

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
    - минималниот и максималниот опсег за 2025 година изнесува 0,25%;
    - минималниот и максималниот опсег за 2026 година изнесува 0,25%;
    - минималниот и максималниот опсег за 2027 година изнесува 0,25%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
    - за 2025 година:
        - минимална просечна тарифа 9,24 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 9,28 ден/m³;
    - за 2026 година:
        - минимална просечна тарифа 9,33 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 9,38 ден/m³;
    - за 2027 година:
        - минимална просечна тарифа 9,43 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 9,47 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води важи за регулиран период 2025-2027 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за

енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 август 2025 година.

## Образложение

ЈКП ГАЗИ БАБА, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2025-2027 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под 08–815/24 од 26.12.2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП ГАЗИ БАБА ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП ГАЗИ БАБА во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за регулираниот период :

| Опис | Ед.мерка | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 5.293.872 | 5.401.012 | 5.509.303 |
| Амортизација | денари | 1.097 | 2.182 | 3.275 |
| Средства за ликвидност | денари | 26.477 | 27.019 | 27.566 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 4.387 | 4.365 | 4.366 |
| Принос на регулирани средства | денари | 387 | 571 | 681 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | - | - | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 5.321.832 | 5.430.785 | 5.540.825 |
| **Количина** | $m^3$ | 573.274 | 579.007 | 584.797 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 9,26 | 9,36 | 9,45 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 9,24 | 9,33 | 9,43 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 9,28 | 9,38 | 9,47 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 30 декември 2024 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02–1257/1 од 2 јули 2025 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување на Предлог Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година.

На 4 јули 2025 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈКП ГАЗИ БАБА, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Гази Баба, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

По однос на Предлог решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА, немаше забелешки од страна на присутните

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2025-2027 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| **Опис** | **Ед.мерка** | **2025** | **2026** | **2027** |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 5.293.872 | 5.401.012 | 5.509.303 |
| Амортизација | денари | 1.097 | 2.182 | 3.275 |
| Средства за ликвидност | денари | 26.477 | 27.019 | 27.566 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 4.387 | 4.365 | 4.366 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 387 | 571 | 681 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | - | - | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 5.321.832 | 5.430.785 | 5.540.825 |
| **Количина** | $m^3$ | 573.274 | 579.007 | 584.797 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 9,26 | 9,36 | 9,45 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 9,24 | 9,33 | 9,43 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 9,28 | 9,38 | 9,47 |

По извршената анализа Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2025 – 2027 година утврди да сите оперативни трошоци презентирани во барањето се прифаќаат во полн износ со оглед на фактот дека давателот на водната услуга прв пат ќе почне со давањето на ова водна услуга.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон. Исто така во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води ЈКП ГАЗИ БАБА треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води во крајната цена на водната услуга која се фактурира до крајните корисници.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈКП ГАЗИ БАБА ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води изнесува 0,25% за 2025 година, 0,25% за 2026 година и 0,25% за 2027 година.

ЈКП ГАЗИ БАБА при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и средствата за ликвидност.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈКП ГАЗИ БАБА да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16).

**УП1 бр. 08-815/24**
**17 јули 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач**: ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје

**Претставник:** в.д директор, Дени Милевски

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/7 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/7 од 24.02.2026 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2026 - 2027 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на оваа Предлог-Одлука е член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје донесе Одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за регулиран период 2026 - 2027 година, бр.02-54/7 од 24.02.2026 година.

Согласно член 11 од Законот за јавните претпријатија:

"Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:

1. Статутот на јавното претпријатие;
2. Статусните промени;
3. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
4. Актот за задолжување на јавното претпријатие;
5. **Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело;**
6. Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
7. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие и
8. Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој. "

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 02-541/7
24.02.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Сл.весник на Р.М бр. 63/2017„), член 19 од Законот за јавни претпријатие, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ( „Сл.весник на Р.М„ бр. 63/2017), Решението Бр. 08-816/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и член 16 од Статутот на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје, Управниот Одбор на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје , на одржаната седница на 24.02.2026 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за регулиран период 2026-2027 година.**

**Член 1**

Се усвојува предлог одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје за регулиран период 2026-2027 година, донесена врз основа Решението Бр. 08-816/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и тоа по населени места и за категории на потрошувачи:

1) **За населените места Црешово и Страчинци**

   ***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 5,28 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 5,33 ден/$m^3$

   ***Останати:***

- за 2026 година во износ од 5,28 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 5,33 ден/$m^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

2) **За населеното место Смилковци**

   ***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 5,28 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 5,33 ден/$m^3$

***Останати:***

- за 2026 година во износ од 5,28 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 5,33 ден/$m^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

**3)** **<u>За населеното место Јурумлери</u>**

***Домаќинства:***

- за 2026 година во износ од 20,83 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 21,04 ден/$m^3$

***Останати:***

- за 2026 година во износ од 20,83 ден/$m^3$
- за 2027 година во износ од 21,04 ден/$m^3$

На овие тарифи ќе се пресметува +5%ДДВ

**Член 2**

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Гази Баба.

***Образложение***

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Сл.весник на Р.М бр. 63/2017„), член 19 од Законот за јавни претпријатие, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ( „Сл.весник на Р.М„ бр. 63/2017), Решението Бр. 08-816/24 од 17 јули 2025 година, за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година донесено од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија У.О одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Претседател на У.О

Јавно комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Скопје

НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE
TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT
KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
УП Бр./Nr. 08-816/24
17.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 4 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 јули 2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година

1. На ЈКП ГАЗИ БАБА се утврдува просечна тарифа за водната услуга прочистување на отпадни води и тоа:
    - за 2025 година во износ од 12,37 ден/m³;
    - за 2026 година во износ од 12,50 ден/m³;
    - за 2027 година во износ од 12,62 ден/m³.

Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
СКОПЈЕ
Примено: 01.08.2025
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 03 | 131/4 | | |

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
    - минималниот и максималниот опсег за 2025 година изнесува 0,25%;
    - минималниот и максималниот опсег за 2026 година изнесува 0,25%;
    - минималниот и максималниот опсег за 2027 година изнесува 0,25%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
    - за 2025 година:
        - минимална просечна тарифа 12,34 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 12,40 ден/m³;
    - за 2026 година:
        - минимална просечна тарифа 12,47 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 12,53 ден/m³;
    - за 2027 година:
        - минимална просечна тарифа 12,59 ден/m³;
        - максимална просечна тарифа 12,66 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за прочистување на отпадни води важи за регулиран период 2025-2027 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за

енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 август 2025 година.

## О б р а з л о ж е н и е

ЈКП ГАЗИ БАБА, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води за регулиран период 2025-2027 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под 08–816/24 од 26.12.2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП ГАЗИ БАБА ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП ГАЗИ БАБА во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за регулираниот период :

| Опис | Ед.мерка | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 3.016.344 | 3.077.390 | 3.139.092 |
| Амортизација | денари | 625 | 1.243 | 1.866 |
| Средства за ликвидност | денари | 15.086 | 15.395 | 15.706 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 2.500 | 2.487 | 2.488 |
| Принос на регулирани средства | денари | 169 | 274 | 337 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | - | - | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 3.032.223 | 3.094.302 | 3.157.001 |
| **Количина** | $m^3$ | 244.537 | 246.982 | 249.452 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 12,37 | 12,50 | 12,62 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 12,34 | 12,47 | 12,59 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 12,40 | 12,53 | 12,66 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 30 декември 2024 година го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02–1257/1 од 2 јули 2025 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување на Предлог Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА за регулиран период 2025-2027 година.

На 4 јули 2025 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од ЈКП ГАЗИ БАБА, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Гази Баба, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

По однос на Предлог решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ГАЗИ БАБА, немаше забелешки од страна на присутните.

### Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води за регулиран период 2025-2027 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 3.016.344 | 3.077.390 | 3.139.092 |
| Амортизација | денари | 625 | 1.243 | 1.866 |
| Средства за ликвидност | денари | 15.086 | 15.395 | 15.706 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 2.500 | 2.487 | 2.488 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 169 | 274 | 337 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | - | - | - |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 3.032.223 | 3.094.302 | 3.157.001 |
| **Количина** | $m^3$ | 244.537 | 246.982 | 249.452 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 12,37 | 12,50 | 12,62 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 12,34 | 12,47 | 12,59 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 12,40 | 12,53 | 12,66 |

По извршената анализа Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2025 – 2027 година утврди да сите оперативни трошоци презентирани во барањето се прифаќаат во полн износ со оглед на фактот дека давателот на водната услуга прв пат ќе почне со давањето на ова водна услуга.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга прочистување на отпадни води, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон. Исто така во процесот на донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга прочистување на отпадни води ЈКП ГАЗИ БАБА треба да ги има во предвид ефектите од измена на постојната тарифа за прочистување на отпадни води во крајната цена на водната услуга која се фактурира до крајните корисници.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈКП ГАЗИ БАБА ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга прочистување на отпадни води изнесува 0,25% за 2025 година, 0,25% за 2026 година и 0,25% за 2027 година.

ЈКП ГАЗИ БАБА при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга прочистување на отпадни води треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и средствата за ликвидност.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈКП ГАЗИ БАБА да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16).

**УП1 бр. 08-816/24**
**17 јули 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Валентина Ангеловска - Ќиевска, раководител на одделение

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 181 од Законот за правда за децата (''Службен весник на РСМ'' бр.66/24 и 55/25 - исправка), член 22 став (1) точка 7 и став (3) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба, на ____________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Совет за превенција на детско престапништво (во понатамошниот текст: општински совет) на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Општинскиот совет брои 8 (осум) члена.

**Член 3**

Претставници на општински совет по функција односно на предлог од субјектите се:

1. Командир на ПС од ОН ''Гази Баба'' - Скопје;
2. Претставник од МСПДМ - Центар за социјална работа - Гази Баба;
3. Претставник од совет на родители од 1 (едно) општинско основно училиште;
4. Претставник од Унија на средношколци;
5. Претставник од Адвокатската комора на Република Северна Македонија;
6. Претставник од здруженија на граѓани / фондации или НВО;
7. Претставник од Јавно обвинителство на Република Северна Македонија - Јавен обвинител кој работи во областа на детското престапништво; и
8. Претставник од Основен кривичен суд Скопје - судија за деца од судовите од проширена надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот.

**Член 4**

Мандатот на членовите на општинскиот совет е 5 (пет) години, со право за повторен избор.

**Член 5**

Членовите на општинскиот совет од своите редови избираат претседател, со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор.

**Член 6**

Општинскиот совет изготвува и предлага годишна програма за својата работа, која ја усвојува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Годишната програма за работа на општинскиот совет се финансира врз основа на финансискиот план од буџетот на општината.

**Член 8**

Општинскиот совет донесува Деловник за својата работа.

**Член 9**

Општинскиот совет врши работи за следење на состојбите, покренува иницијативи за нивно подобрување и развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствија, што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

**Член 10**

За својата работа, општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на Општина Гази Баба и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

**Член 11**

Обезбедување на претставници во составот на општинскиот совет на субјектите од членот 3 од оваа одлука, координација на работата и вршење на административно-технички работи за општинскиот совет, ја врши општинската администрација преку надлежниот сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности.

**Член 12**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/14).

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 181 од Законот за правда за децата (''Службен весник на РСМ'' бр.66/24 и 55/25 - исправка), член 22 став (1) точка 7 и став (3) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Законот за правда за децата (''Службен весник на РСМ'' бр.66/24 и 55/25 - исправка) започна да се применува од 28 март 2024 година. Согласно член 181 од законот постои законска обврска на единиците на локалната самоуправа да формираат совети за превенција од детско престапништво.

Член 181 од Законот за правда за децата гласи:

''(1) Градоначалниците на општините, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје им предлагаат на Советите на Општината, Советите на Општините во Градот Скопје и Советот на Град Скопје да именуваат Совет за превенција на детско претстапништво.

(2) Советите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје именуваат општински совети и Совет на Градот Скопје за превенција на детско престапништво (во натамошниот текст: општинскиот совет).

(3) Членови на општинскиот совет се претставници на подрачните единици на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, претставници на советот на родители во основните и во средните училишта, Унијата на средношколци, Адвокатската комора на Република Северна Македонија, здруженија и фондации, јавниот обвинител кој работи во областа на детското престапништво и судијата за деца од судовите од проширена надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот.

(4) Советите на општините, општините во Градот Скопје и на Градот Скопје го утврдуваат бројот на членови на општинските совети, во зависност од големината, развиеноста и потребите на општината, како и обемот на детското престапништво.

(5) Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

(6) Од редот на членовите на општинскиот совет се избира претседател со мандат од две години, со право на повторно именување.''

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог - Одлуката ќе има финансиски импликации во буџетот на општината за тековната и следните години, во зависност од реализацијата на годишната програма која треба да биде изготвена и предложена од општинскиот совет и усвоена од советот на општината за секоја од петте години од мандатот.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Александар Трајковски, виш соработник

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 9 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), точка 1 потточка 2 алинеја 2 од Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на ______________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50 ГОДИНИ ОД
ПОСТОЕЊЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува организирање и реализација на Програма за одбележување на 50 години од постоењето на Општина Гази Баба, во периодот од април до 3-ти ноември 2026 година.

**Член 2**

Одбележувањето на јубилејот ќе се реализира преку Програма за одбележување на 50 години од постоењето на Општина Гази Баба, која ја донесува Советот на Општина Гази Баба, а која опфаќа 50 настани и активности од областа на:

- културата;
- образованието;
- спортот;
- младинските политики;
- социјалната заштита;
- екологијата;
- инфраструктурниот развој;
- економијата; и
- граѓанското учество.

**Член 3**

(1) За спроведување на програмата од членот 2 на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Организациски одбор, составен од претставници на:

- Општинската администрација;
- Советот на Општината;
- јавните установи;
- образовните институции; и
- културните и спортските организации.

(2) Организацискиот одбор ќе изготви оперативен план со динамика на реализација и финансиска конструкција.

**Член 4**

Средствата за реализација на програмата од членот 2 на оваа одлука ќе се обезбедат од:

- Буџетот на Општината;
- средства предвидени во годишните програми;
- спонзорства и донации; и
- партнерства со приватниот сектор.

**Член 5**

Како централна манифестација на 3-ти ноември - Денот на Општината, ќе се одржи Свечена академија, на која ќе бидат доделени признанија и плакети на 50 заслужни граѓани, институции и организации.

**Член 6**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

***<u>ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ</u>***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 9 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23) и точка 1 потточка 2 алинеја 2 од Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.22/25)

***<u>ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ</u>***

Општина Гази Баба во тековната година одбележува 50 години од формирањето во 1976 година.Со оваа Предлог-Одлука се утврдува организирање и реализација на посебна Програма за одбележување на 50 години од постоењето на Општина Гази Баба, во периодот од април до 3-ти ноември 2026 година, која ја донесува Советот на Општина Гази Баба, а за која се предвидени средства од Буџетот на Општина Гази Баба - Програма за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година, во висина од 500.000,00 денари.

***<u>ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА</u>***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Александар Трајковски, виш соработник

**ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА**

**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈУБИЛЕЈ - ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 9 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), точка 1 потточка 2 алинеја 2 од Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈУБИЛЕЈ - ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

## 1. ВОВЕД

Во 2026 година Општина Гази Баба одбележува 50 години од своето основање и институционално функционирање.

Половина век постоење претставува значаен историски јубилеј кој ја потврдува зрелоста, континуитетот и развојниот капацитет на локалната самоуправа.

Изминатите пет децении се период на динамичен урбан, демографски, инфраструктурен, образовен и културен развој. Од формирањето до денес, општината прерасна во една од најголемите и најзначајните единици на локалната самоуправа, со силна заедница, активни институции и развојна перспектива.

Одбележувањето на јубилејот има за цел да ја истакне историската вредност на институцијата, да оддаде признание на сите генерации кои придонеле во нејзиниот развој и да ја зацврсти заедничката визија за иднината.

## 2. ЗНАЧЕЊЕ И ОПРАВДАНОСТ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО

Одбележувањето на 50-годишниот јубилеј има повеќекратна важност:

2.1 Историска и институционална важност

- Афирмација на континуитетот на локалната самоуправа;
- Документирање и презентација на историскиот развој; и
- Промоција на институционалната стабилност.

2.2 Општествена важност

- Зајакнување на чувството на припадност кај граѓаните;
- Вклучување на сите генерации во заедничко одбележување; и
- Поттикнување на граѓанска активност и волонтерство.

2.3 Развојна важност

- Промоција на реализирани инфраструктурни и капитални проекти;
- Презентација на идни стратешки планови; и
- Подобрување на имиџот и видливоста на општината.

2.4 Културна и образовна вредност

- Промоција на локалната култура и традиција;
- Поттикнување на младинска креативност; и
- Чување на историската меморија.

## 3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел:

Достоинствено и инклузивно одбележување на 50 години постоење преку реализација на 50 настани и активности во период од април до 3-ти ноември 2026 година.

Посебни цели:

1. Вклучување на граѓаните во процесот на одбележување;
2. Поттикнување на младинска и спортска активност;
3. Промоција на културните и традиционалните вредности;
4. Истакнување на развојните достигнувања; и
5. Доделување признанија на заслужни граѓани и институции.

## 4. КОНЦЕПТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата се базира на концептот: „50 години - 50 дела“.

Во периодот од април до ноември ќе се реализираат 50 тематски настани од областа на:

- Култура;
- Спорт;
- Образование;
- Млади;
- Социјална заштита;
- Екологија;
- Инфраструктура;
- Економски развој; и
- Граѓанско учество.

Активностите ќе бидат распределени рамномерно по месеци, со цел континуитет и видливост во текот на целата година.

## 5. ЦЕНТРАЛНА МАНИФЕСТАЦИЈА

На 3-ти Ноември - Денот на Општината ќе се одржи:

Свечена академија:

- Поздравни обраќања;
- Презентација на документарен филм за 50 години развој;
- Доделување плакети и признанија;
- Културно-уметничка програма; и
- Промоција на јубилејна публикација.

Свечената академија ќе претставува кулминација на целокупната јубилејна програма.

**6. ОРГАНИЗАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА**

За реализација на програмата се предлага:

- Формирање Организациски одбор;
- Вклучување на јавните установи и месните заедници;
- Партнерство со образовни институции, спортски клубови и граѓански организации; и
- Можност за вклучување спонзори и општествено одговорни компании.

**7. ФИНАНСИСКА РАМКА**

Средствата за реализација на програмата ќе бидат обезбедени преку:

- Буџет на Општината;
- Спонзорства и донации; и
- Партнерства со приватниот сектор.

Финансиската конструкција со динамика на реализација, ќе биде составен дел од оперативниот план изготвен од Организацискиот одбор.

**8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Зголемена видливост на општината;
- Поголема вклученост на граѓаните;
- Зајакната институционална доверба;
- Трајни инфраструктурни и симболични придобивки; и
- Зголемена општинска кохезија.

**9. ЗАКЛУЧОК**

Педесетгодишниот јубилеј претставува историски момент кој заслужува достоинствено, масовно и организирано одбележување. Преку предложената програма, општината ќе испрати порака за единство, континуитет и визија за иднината.

Со реализацијата на оваа програма, ќе се потврди улогата на локалната самоуправа како двигател на развојот и чувар на заедничките вредности.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина и природата

**Претставник:** Никола Јовановски, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ" - ГЕВГЕЛИЈА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на ___________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ" - ГЕВГЕЛИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од Здружение на граѓани "Центар за климатски промени" - Гевгелија, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од 60 (шеесет) жолти канти од 120 литри за селекција на пет амбалажа.

**Член 3**

Донацијата е во вкупна вредност од 73.800,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 4**

Донираните канти од член 2 од оваа одлука во соработка со ЈКП "Гази Баба 2007" - Скопје, ќе бидат поделени во индивидуални домаќинства на територија на Општина Гази Баба.

**Член 5**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 6**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ
НА ДОНАЦИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
"ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ" - ГЕВГЕЛИЈА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24). Во членот 36 од Законот за локалната самоуправа е утврдена надлежноста на Советот на општината. Исто така, основ за донесување на оваа одлука е и членовите 6 и 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, според кои давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице, односно примател на донацијата може да биде домашно правно лице. Во член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е наведено дека намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Со оваа Предлог - Одлука, а согласно со писмото за намери за давање на донација од **Здружение на граѓани "Центар за климатски промени" - Гевгелија**, бр.30-1461/1 од 04.03.2026 година, Советот на Општина Гази Баба прима донација која се состои од 60 (шеесет) жолти пластични канти за селекција на пет амбалажа опишани во член 2 од оваа Предлог - Одлука, во вкупна вредност од 73.800,00 денари со ДДВ, со цел истите да поделат на индивидуални домаќинства на територија на Општина Гази Баба.

Имено, Центарот за климатски промени оваа активност ја спроведува како дел од Проектот "Младите и жените - двигатели на тразицијата кон одржливо управување со отпадот во руралните средини (WeLEADRural)" - финансиран од Францускaта агенција за развој.

Целта е обезбедените садови (канти) за селекција на отпад да се распределат до индивидуалните домаќинства на територијата на Општина Гази Баба, со што ќе се создадат услови за воспоставување и функционално спроведување на систем за примарна селекција на отпадот на местото на неговото создавање.

Со распределбата на садовите директно до домаќинствата ќе се овозможи одделување на рециклабилните фракции (пластика) од мешаниот комунален отпад уште во почетната фаза. Овој пристап претставува основа за современо и одржливо управување со отпад, бидејќи ја зголемува ефикасноста на понатамошниот транспорт, третман и рециклирање, а воедно ја намалува количината на отпад што се депонира и воедно ќе се намалат можностите за појава на диви сметилишта и појава на неселектираниот отпад на јавните површини.

Воспоставувањето на системот за примарна селекција ќе придонесе кон:

- намалување на вкупните количини комунален отпад,
- зголемување на стапката на рециклирање,
- намалување на трошоците за третман и депонирање,
- заштита на животната средина преку намалени емисии на стакленички гасови,
- подигнување на јавната свест и одговорност кај граѓаните.

Имплементацијата ќе биде проследена со информативно - едукативна кампања на населението каде ќе бидат поделени садовите за селекција, за правилно користење на садовите и почитување на принципите на селекција, со цел обезбедување на долгорочна одржливост и ефективност на системот.

Со оваа мерка Општина Гази Баба ќе направи значаен чекор кон усогласување со националните и европските стандарди во областа на управување со отпад и ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на животната средина на локално ниво.

Во спроведување на оваа активност, активно ќе биде вклучено ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

***<u>ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА</u>***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ
Примено: 04-03-2026
Орг. Един. 30 | Број: 1461/2 | Прилог | Вредност

**Од:** Центар за климатски промени, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 74, 1480, Гевгелија

**До:** Општина Гази Баба, со седиште на ул. Архимедова бр. 2, 1000, Скопје

**Предмет:** Намера за донација на 60 канти за отпад од 120 литри во рамки на проектот „Младите и жените – двигатели на транзицијата кон одржливо управување со отпадот во руралните средини (WeLEADRural)“

Почитувани,

Центар за климатски промени во рамките на проектот „Младите и жените – двигатели на транзицијата кон одржливо управување со отпадот во руралните средини (WeLEADRural)“, финансиран од Француска агенција за развој, има намера да изврши донација од 60 жолти канти за отпад од 120 литри за потребите на Општина Гази Баба, во вкупна вредност од 73.800,00 денари со вклучено ДДВ.

Оваа донација е наменета да го олесни и подобри справувањето со отпадот на територијата на Општина Гази Баба. Донацијата е дел од проектот „WeLEADRural“, кој има за цел да поттикне одржливи практики во управувањето со отпадот и да ја зголеми свеста на локалното население за важноста од правилно селектирање, рециклирање и одговорно управување со отпадот.

Подготвени сме да се договориме за деталите околу примопредавањето на кантите и да учествуваме во планирањето за нивно правилно распоредување и користење.

Со почит,

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
ГЕВГЕЛИЈА

Центар за климатски промени
Бојана Станојевска Пецуровска
Претседател

**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за урбанизам и градежно земјиште

**Претставник:** Александар Јанакиески, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-58/2016 ЗА КП 117/3 И КП 117/2 КО ИДРИЗОВО**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21 и 41/26), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-58/2016 ЗА КП 117/3 И КП 117/2 КО ИДРИЗОВО**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење со УП1 бр.28-58/2016 од 11.01.2016 година од страна на лицето **Благоротка Велковска** од Скопје, а се однесува на бесправните објекти зграда бр.1 со намена - А1-1 семејна куќа и зграда бр.2 со намена - А5-4 останати помошни објекти кои се наоѓаат на КП 117/3 КО Идризово и КП 117/2 КО Идризово ул. "3" бр.120 село Идризово, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето и вклопување на бесправно изградениот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанистичко - планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-58/2016 ЗА КП 117/3 И КП 117/2 КО ИДРИЗОВО

### ***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21 и 41/26), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

### ***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Надлежниот сектор за урбанизам и градежно земјиште до советот достави барање УП1 бр.28-58/2016 од 13.02.2026 година, за донесување на одлука со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект. Барањето е прилог кон оваа Предлог-Одлука.

Член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, гласи:

"Во случај кога е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, или бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат, надлежниот орган донесува заклучок за прекин на постапката и по службена должност **доставува барање до советот на општината, односно советот на општината во градот Скопје и Советот на градот Скопје** заради донесување одлука дали во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши усогласување на намените, односно дали ќе се изврши проширување на планскиот опфат."

Член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација, гласи:

"- намената на бесправниот објект не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, а со одлука на советот на општината односно Советот на општината во градот Скопје или Советот на Градот Скопје утврдено е да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените"

### ***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година. Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**УП1Бр. 28-58/2016 од 13.02.2026 год.**

**ДО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**С к о п ј е**

**ПРЕДМЕТ: Барање**

Почитувани,

До Општина Гази Баба е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење **УП1бр. 28-58/2016 од 11.01.2016** година од страна на **Велковска Благоротка** од Скопје, со адреса на **ул. " 3 " бр. 120 Идризово Скопје.** Од доставениот геодетски елаборат со деловоден број **26/4-15** од **25.02.2015** година, изработен од **СНЕЛИУС ИНЖИНЕРИНГ ДОО** Скопје и геодетски елаборат со деловоден број **374/4-17** од **24.01.2018** година, изработен од **ЕВЕРЕСТ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО** Скопје, утврдено е дека **објектот бр. 1** е изграден на **КП 117/3 КО Идризово и објектот бр. 2** е изграден на **КП 117/3 КО Идризово и КП 117/2 КО Идризово.** Овој орган во постапката утврди дека намената на бесправните објекти не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација. Од увидот во Детален урбанистички план, констатирано е дека бесправните објекти зграда бр.1 со намена **– А1-1 семејна куќа и** зграда бр.2 со намена **– А5-4 останати помошни објекти** се изградени на земјиште со намена **М – мешана зона (Б – Комерцијални и деловни намени + В – Јавни институции) .**

Поради овие причини, бараме Советот на Општина Гази Баба да постапи согласно член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и Сл. весник на РСМ бр. 174/21), и согласно член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација („Сл.весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) односно да донесе Одлука со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое се изградени бесправните објекти со намената на важечката урбанистичко-планска документација.

Откако Советот на Општина Гази Баба ќе постапи по барањето, потребно е да ни доставите примерок од одлуката како би можеле да ја продолжиме постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект .

Со почит,

**Прилог:** - Предлог Одлука
- копија од Урбанистички план
- копија од Скица на извршено премерување од геодетски елаборат
- копија од записник дали бесправниот објект може да се вклопи во урбанистичко-планска документација бр.28-3/674 од 12.02.2026 година.

Изготвил,
Јасмина Маринковиќ

Контолирал,
Горица Тасевска

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бобан Стефковски**


М – Б + В – комерцијални
и деловни намени
В – јавни институции
КП 117/1 КО Идризово
B5
A
E1
M
ДЗ
s. IDRIZOVO

ЕРЕСТ ИНЖЕНЕРИНГ"
ДОО СКОПЈЕ

# ЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА СО ТВРДЕНА ФАКТИЧКА СОСТОЈБА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ И ДЕЛОВИ ОД ОБЈЕКТИ

## Размер 1:1000

## К.П.117/3




нуари, 2017 г.

М.П.

Друштво за геодетски работи ЕВЕРЕСТ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО СКОПЈЕ

Изработил:
Зоран Цветковски дипл. геод.инж.

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр.283/674 од 12.02.2026 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ" број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и„ Службен весник на РСМ" број 174/21), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко – планска документација („Службен весник на РМ" број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и решение од Градоначалникот на Општина Гази Баба за формирање на Комисија за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко – планска документација во постапки за утврдување на правен статус на бесправни објекти број 08-577/1 од 30.01.2026 година, Комисијата направи

**ЗАПИСНИК**

**дали бесправниот објект може да се вклопи во урбанистичко – планска документација**

Комисијата, на ден 10.02.2026 година, по извршениот увид во барањето и приложените докази, записникот од увид на лице место, како и по увидот во важечката планска документација, а врз основа на член 2 став (1) алинеја 4 и 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко – планска документација („Службен весник на РМ" број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), ја утврди следната фактичка состојба и го даде своето мислење:

На КП 117/3, КО Идризово, постои бесправен објект, семејна куќа, зграда број 1,со површина ЗПЗ-1 од 67м2, која лежи на КП 117/3, КО Идризово и помошен објект, зграда 2 со површина од ЗПЗ-2 од 123м2 лежи на КП 117/3 и со површина од ЗПЗ-2 од 13м2 лежи на дел од КП 117/2, КО Идризово. Станбениот објект е со катност П+1, а помошниот објект со катност Пр.

Двата бесправни објекти се водат на адреса: улица 3 број 120, Идризово.

Бесправниот објект ги има следните технички податоци:

– намената на бесправниот објект не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко –планска документација, а со одлука на Советот на општината утврдено е да се донесе урбанистичко – планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

Комисија:

Кристина Јовковска Коваленска – претседател

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија

тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Катерина Велков – заменик претседател

Благица Јованова – член

Сања Нешовска – заменик член

Јамина Маринковиќ - службено лице што ја води постапката

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувачи:** Сектор за урбанизам и градежно земјиште

Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај

**Претставници:** Александар Јанакиески, раководител на сектор

Ана Накева, раководител на одделение

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'' НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2025 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број ________**
**од __.__.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И
ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Бр.28 10.02.2026 год.

**До:**

**-Кабинет на Градоначалник-**
**-Сектор за финансиски прашања –**
**-Сектор за правни и општи работи,**
**одделение за подршка на Советот и работните тела на Советот - тука**

**Предмет:**

**Достава на Извештај за**
**П Р О Г Р А М А ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА и**
**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

Почитувани,

Врз основа на член 34, став (2), алинеја 3 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа, Ви доставуваме:

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

**П Р О Г Р А М А ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

## Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

| | | | 2025 | **Резервирани средства** | **Потрошени средтсва** | објаснување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | **Вкупни расходи** | | 6,800.000 | | | |
| | Стоки и услуги | | | | | |

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Договорни услуги | | | | | |
| | Услуги за животна средина и планирање | | | | | |
| 1 | Изработка на урбанистички планови | | 50.000 | / | / | бидејќи нема активен договор за изработка на планови |
| 2 | Изработка на урбанистички планови<br>по редовна постапка | | 50.000 | / | / | бидејќи нема активен договор за изработка на планови |
| 3 | Трошоци за изработка на урбанистички<br>проекти | | 50.000 | / | / | бидејќи нема активен договор за изработка на УП |
| 4 | Трошоци за изработка на ревизија на<br>планови и урбанистички проекти | | 50.000 | / | / | бидејќи нема активен договор за изработка на УП |
| 5 | Геодетски услуги | | 2,500.000 | 2,100.000 | 1,150.000 | **Тековендоговор со Геопоинт од 2025** |
| 6 | Трошоци за надградба и тековно одржување на постоечки ARCGIS софтвер | | 1,500.000 | 1,500.000 | 1,500.000 | **Тековендоговор Интелегент Нетворк Солушн ДООод 2025** |
| 7 | Надградба на систем за водење регистар за бесправно изградени објекти | | 500.000 | / | / | Нема склучени договори |
| | **Други договорни услуги** | | | | | |
| 8 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување), фиизбилити<br>студии, конкурсни решенија, конзерваторски<br>основи, услови за планирање и сл | | 700.000 | / | / | Нема склучени договори |

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Други договорни услуги | | 1,000.000 | 1,000.000 | 1,000.000 | **оваа ставка се користи за исплата на членовите за комисија за урбанизам и ангажирани лица** |
| | | | | | | |

**Во однос на Изработени предмети согласно Закон за постапување со бесправно изградени објекти, во тековната 2025 година:**

- Изработени Урбанистички согласности - 500
- Изработени Решенија за бесправно изградени обејкти– 450

**Приход од Надоместок за уредување на градежно земјиште во урбан и рурален дел: 181.980.179,00 денари**

**Приход од Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно изградени објекти: 4.800.696,00 денари**

**Во однос на водените постапки од урбанистички аспект:**

Планови кои имаат добиено Согласност од Министерство за транспорт:

- ДУП –2

Завршени постапки за Урабнистички проекти:

- УП член 58(2) И УП член 58(6 )–14
- УПС – 1
- УПВНМ – 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

Согласно усвоената ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА, извршено е огласување на 5 (пет) Објави за отуѓување на земјиште по пат на електронско јавно наддавање и тоа:

1. Објава бр.01/2025 од 12.02.2025, со постигната вкупна цена на отуѓување во висина од 117.588.000,00 денари
2. Објава бр.02/2025 од 13.05.2025,при што најповолниот понудувач не ја уплати постигнатата цена во законскиот рок и беше активирана и наплатена банкарска гаранција во висина од 489.525,00 денари.
